Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

# П Р А В И Л Н И К

за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за локална самоуправа

Скопје, Мај 2023 година


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019, 14/2020, 95/2020 и 302/2020), Министерот за локална самоуправа, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за локална самоуправа**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за локална самоуправа (бр.01-575/2 од 22.02.2023 година), и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за локална самоуправа (бр.01-575/9 од 17.03.2023 година)

**Член 2**

Во Глава IV „Опис на работните места во Министерството за локална самоуправа“, во точка 1 – Сектор за локалната самоуправа, потточка 2.1 Одделение за унапредување на локалната самоуправа и на територијалната организација на ЕЛС, работно место со реден број 26 со шифра УПР 01 01 В01 000 и со назив Советник за унапредување на локалната самоуправа, делот „Вид на образование зборовите: Општествени науки (Економија и бизнис, право, политички науки) “ **се менува и гласи**: Општествени науки

**Член 3**

Во Глава IV „Опис на работните места во Министерството за локална самоуправа“, во точка 1, работно место со реден број 3 УПР 01 01 Б01 000 со назив Државен советник за територијална организација и просторен развој на локалната самоуправа, “ се менува и гласи


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 3 |
| **Шифра** | УПР/01/01/Б01/000 |
| **Ниво** | Б01 |
| **Звање** | Државен советник |
| **Назив на работно место** | Државен советник за територијална организација и просторен звој на локалната самоуправа |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Државен секретар |
| **Вид на образование** | Инженерство и технологија – друго инженерство и технологии хитектура, урбаниза и просторно планирање) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Следење на функционалноста на територијалната организација, осторниот и инфраструктурниот развој на единиците на локалната моуправа, вклучително и усогласеноста на релевантната законска улатива; |
| **Работни задачи и обврски** | – Работа на комплексни задачи кои бараат посебна самостојност, како и специфична стручност и компетентност, а се однесуваат на прашања поврзани со соодветната област која ја покрива;<br>- Советување на државниот секретар при оформување ставови и мислења за прашања и одлуки од највисоко ниво, во рамки на надлежностите на органот и соодветната област која ја покрива;<br>- Следење и евалуација на функционалноста на територијалната организација, степенот на просторниот и инфраструктурниот развој на единиците на локалната самоуправа и населените места;<br>- Следење и анализа на усогласеноста на планско-развојната документација и регулативата што ја предлагаат други органи и институции со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во РМ и со Законот за Град Скопје, како и предлагање евентуални измени и дополнувања;<br>- Подготовка на информации и мислења по барање на државни органи, општини и други правни лица, а кои се однесуваат на примената на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во РМ и на Законот за Град Скопје, како и на доставени закони, подзаконски акти и други материјали, поврзани со соодветната област која ја покрива;<br>- Соработка со соодветни научни и стручни институции за утврдување критериуми, начела и методологија за утврдување на ЕЛС, како и подготовка и реализација на проекти за просторен развој и уредување на ЕЛС;<br>- Учество во работата, координацијата и раководењето со меѓуресорски, советодавни тела и комисии формирани од министерот на Министерството за локална самоуправа или од Владата на Република Северна Македонија. |


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

**Член 4**

Во Глава IV „Опис на работните места во Министерството за локална самоуправа“, во точка 1 – Сектор за Кабинетски работи, потточка 4.1 Одделение за работи непосредно поврзани со министерот, заменик на министерот и државниит секретар, работно место со реден број 63 УПР/04/03/А02/001 со назив Возач за потребите на кабинетот на министерот, заменик министерот и државниот секретар, “ се менува и гласи :

| **4.1. Одделение за работи непосредно поврзани со министерот, заменик на министерот и државниит секретар** | |
|---|---|
| Реден број | 63 |
| Шифра | УПР/04/03/А02/001 |
| Ниво | А02 |
| Звање | Возач |
| Назив на работно место | Возач за потребите на Министерството за локална самоуправа |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Средно образование - економско, средно електро-техничко, гимназија |
| Други посебни услови | Возачка дозвола Б категорија |
| Работни цели | Сигурен и безбеден превоз |
| Работни задачи и обврски | - Врши превоз на вработените во Министерството за локална самоуправа<br>- Се грижи за исправноста на возилата на министерството, хигиена, алатот, резервните делови и опремата<br>- Води евиденција за извршените услуги и потрошувачката на гориво и мазиво и води евиденција на употребата на службените возила,<br>- ги чува клучевите од возилата од завршување на употребата од еден корисник и до започнување на употреба од нов корисник,<br>- врз основа на одобрен патен налог за користење на возило да го дава возилото на користење и да го прима назад по завршувањето на потребата од користење, со примопредвање на клучевите од возилото,<br>- во случај на сообраќајна незгода, врз основа на Изјава за сообраќајна незгода да започне постапка пред осигурителните компании,<br>- ги проследува пријавените дефекти и оштетувања во форма на сервисен налог, односно фактура за поправка/сервис/интервенција на возилата,<br>- организира редовен или евентуално дополнителен сервис за возилата,<br>- се грижи за навремена регистрација на возилата,<br>- врши и други работи со цел да се обезбеди домаќинско користење и управување со службените возила на Министерството за локална самоуправа. |

**Член 5**

Во Глава IV „Опис на работните места во Министерството за локална самоуправа“, во точка 1 – Сектор за Кабинетски работи, потточка 4.2 Одделение за односи со јавност и комуникации, работно место со реден број 68 УПР/04/03/А02/001 со назив Возач за превоз на вработени и пратки, “ се менува и гласи :

| 4.2. Одделение за односи со јавност и комуникации | |
|---|---|
| **Реден број** | **68** |
| Шифра | УПР/04/03/А02/001 |
| Ниво | А02 |
| Звање | Возач |
| Назив на работно место | Возач за потребите на Министерството за локална самоуправа |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Средно градежно,средно техничко образование, Гимназија |
| Други посебни услови | Возачка дозвола Б категорија |
| Работни цели | Сигурен и безбеден превоз на вработените во министерството |
| Работни задачи и обврски | - врши превоз на вработените за службени потреби<br>- Се грижи за исправноста на возилата на министерството, хигиена, алатот, резервните делови и опремата<br>- Води евиденција за извршните услуги и потрошувачката на гориво и мазиво и води евиденција на употребата на службените возила,<br>- ги чува клучевите од возилата од завршување на употребата од еден корисник и до започнување на употреба од нов корисник,<br>- врз основа на одобрен патен налог за користење на возило да го дава возилото на користење и да го прима назад по завршувањето на потребата од користење, со примопредвање на клучевите од возилото,<br>- во случај на сообраќајна незгода, врз основа на Изјава за сообраќајна незгода да започне постапка пред осигурителните компании,<br>- ги проследува пријавените дефекти и оштетувања во форма на сервисен налог, односно фактура за поправка/сервис/интервенција на возилата,<br>- организира редовен или евентуално дополнителен сервис за возилата,<br>- се грижи за навремена регистрација на возилата,<br>- врши и други работи со цел да се обезбеди домаќинско користење и управување со службените возила на Министерството за локална самоуправа. |

**Член 6**

Согласно извршените измени и дополнувања на овој Правилник се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места на Министерството за локална самоуправа како составен дел од овој Правилник.


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во во **Министерство за локална самоуправа, со архивски број 01-575/14 од 04.05.2023 година**

**Со почит,**

Sipas përshkrimit të pasqyruar më lart, Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës, jep pëlqim të Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në **Ministrisë së Vetqeverisjes Lokale, me numër arkivi 01-575/14 të datës 04.05.2023.**

**Me respekt,**

**Државен секретар**
**Sekretar Shtetëror**

**Elvin Hasan**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА - MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Скопје - Shkup

**Подготвил/Përpiloi/Контролирал/Kontrolloi:**
Елена Панова
**Превел / Përktheu:** Jusuf Zendeli


Министерство за информатичко општество и администрацијана
Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dheAdministratës
Republika e MaqedonisësëVeriut

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk